Општинска установа
Дом на културата
Тошо Арсов
Бр. 01-210/2
13.12. 2024 год
ВИНИЦА

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
СОВЕТ НА ОПШТИНАТА

| Примено: 13 12 2024 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 09 | 1158/2 | | |

ДО

СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА

**Предмет: Доставување на Годишна програма за работа на ОУ Дом на култура „Тошо Арсов"-Виница за 2025 година**

Почитувани,

Дом на култура „ Тошо Арсов'-Виница Ви ја доставува Годишната програма и Одлуката за усвојување на истата од УО.

Во прилог

-Годишна програма за работа на ОУ Дом на култура „Тошо Арсов"-Виница за 2025.

-Одлука за усвојување на годишна програма на Дом на култура „Тошо Арсов"-Виница за 2025.

Со почит,

ОУ Дом на култура „Тошо Арсов"-Виница

Директор

Благица Стојановска

Општинска установа
Дом на културата
Тошо Арсов
Бр. 01-217
13.12. 20024 год.
ВИНИЦА

# ПРОГРАМА

## ЗА РАБОТА НА ОПШТИНСКА УСТАНОВА

## ДОМ НА КУЛТУРА „ТОШО АРСОВ“-ВИНИЦА

## ЗА 2025 ГОДИНА



## МАТИЧНИ ФОРМИ НА ДОМОТ

Во матични форми на домот на културата спаѓаат активности кои произлегуваат од континуираната работа на секциите кои содржат работа со најмладите,со средношколската младина,како и со возрасни уметници.

Дом на култура „Тошо Арсов"-Виница исто како и претходните години и наредната 2025 год. ќе понуди богата програма за сите љубители на различните форми на уметност. Работата на нашата установа е од јавен карактер, сите љубители на културно-уметничките настани беа добредојдени а за успешноста сведочат и фотографиите, видеата, линковите кои Ви се достапни на нашата Фб страница.

За наредната 2025 се погриживме преку договори и изјави за согласности на учесниците (во сите дејности), преку аплицираните проекти од национален интерес што ги нуди Министерството за култура и туризам да понудиме уште повеќе!

Тоа по дејности би било следното :

# МУЗИЧКА ДЕЈНОСТ

### ШКОЛА ЗА ГИТАРА

Школата за гитара работи како матична активност во домот.Секојдневно во неа тајните на овој инструмент ќе го изучуваат деца на возраст од 08-18 години.Тие се поделени по старосни групи од по 6 членови.

Во школата ќе се изучуваат жанровите:поп, рок, латино и етно, а од 2024 година е воведена и настава по класична музика.

-Божиќен концерт

-Мај: јавен час

-Континуирани настапи на активности организирани од домот.

-Едно гостување на фестивал во странство

Време на реализација:февруари-јуни,септември-декември 2025

-Настава за електрична гитара

-Јавен час (презентација на наставата по гитара во домовите за култура од регионот)

-Гостување Банско и Самоков ( Школа за гитара)

## *КОНЦЕРТИ*

**Март-** Концерт за гитара на учениците од ДМУЦ ,,Сергеј Михајлов“ Штип во класата на Професор -Дејан Лазаревски

**Мај-** Концерт на учениците од ДМУЦ ,,Сергеј Михајлов“ Штип

**Мај**-Концерт за пијано на учениците од Дом на култура ,,Отец Пасиј“ Самоков Р.Бугарија

**Јуни**-Гостување на оркестар -Беровски тамбураши при Дом на култура ,,Димитар Беровски“ – Берово

**Октомври-** Концерт на учениците од Балетско Студио при Дом на култура ,,Отец Пасиј“ Самоков Р.Бугарија

**Декември**-Концерт на учениците од музичкото студио- ,,ENTERPRISE“ од Скопје -Раководител Валентино Скендеровски

Дом на култура „ Тошо Арсов“-Виница издаде согласности за соработка на сите овие учесници, и проектите ќе се реализираат во целост доколку финансиски бидат одобрени од страна на Министерството на култура и туризам. За датумите на реализација, дополнително ќе следи договор меѓу двете страни за што љубителите на музичката уметност јавно ќе бидат известени.

Дом на култура „Тошо Арсов “-Виница во својата предлог Програма за работа во наредната 2025 ги има предвидено следниве концерти :

-Концерт на ФА ,,Китка“ Истибања ,,Ѓурѓово лето пролето“

-Концерт со Билјана Петровска ,,Сеќавање-Memoires

-Концерт на Градски а капела хор ,,Ѓерѓеф“-Делчево

-Концерт на Проф. м-р Елена Ефремова за одржување на целовечерен концерт на

" Дуо пијано Трбојевиќ - Ефремова "

-Концерт на Проф. м-р Елена Ефремова за одржување на целовечерен концерт на

" Концерт за две флејти и пијано "

-Концерт на Бојан Митрески за " Македонски квартет труби"

-Концерт на Филип Шурбевски ,,ЕЗГИЈА КВАРТЕТ "

-Концерт на " TOOK QUARTET " кои исполнуваат класична и џез музика од Болинг

-Концерт на Стојанче Косовски ,,Македонски брас квартет"

-Концерт на Славица Деспотова ,,Дуо саксофон и пијано Славица Деспотова и Петар Трбојевиќ"

-Концерт на Ристо Ѓоревски - Рецитал за кларинет

-Концерт на Никола Терзиски " Брас Арт Квинтет - Funky Disco Brass"

-Концерт на Марија Ѓорѓиевска " Солистички концерт "-соло пеење

-Концерт на ,,Градски камерен хор АСТИБО" од Штип ,,Хорување низ Македонија"

-Концерт на Марко Виденовиќ ,,Мевлем"-концерт со авторска музика и поетско читање

-Концерт на Ермаљ Мехмети и Јета Старова Мехмети со ,,ДУО СКУПИ со придружба на Гудачко трио"

-Концерт со Нинослав Димов-Саксофон, Стојан Димов-Саксофон, Маја Поповиќ Караиванова-Пијано

Забелешка:

Дом на култура „Тошо Арсов" Виница им стои на располагање за соработка на локалните музички уметници доколку имаат желба за нивно претставување во рамките на Годишната програма, и термините дополнително ќе бидат вметнати во истата.

## *ТЕАТАРСКА ДЕЈНОСТ*

Во доменот на драмската дејност Дом на култура „Тошо Арсов"- Виница во текот на 2025 година планира реализација односно гостување на најмалку 7 професионални претстави,од кои 3 за деца и 4 за возрасни.

*Формирање на драмско аматерско студио*

Во рамките на овој проект ќе бидат вклучени млади кои имаат афинитет кон театарската уметност.Со нив ќе раководи стручен соработник-режисер кој ќе ги обучува членовите на ова студио во театарската игра.

Целта на домот на култура ќе биде преку ова драмско студио да се развива и усовршува талентот на младите и истите да бидат база од која ќе се реализираат театарски проекти на домот на културата.

*-Сопствена продукција на театарски претстави*

Во наредниот период определба на Домот на културата ќе биде сопствена продукција на најмалку:

-Една претстава за возрасни

-Една детска претстава

Претставата за возрасни ќе биде проект работен од членовите на драмското студио при Домот на култура и со истата ќе изведе премиера и уште 5 претстави во Виница,а исто така со неа ќе гостува и на Драмскиот аматерски фестивал во Кочани и други центри за култура во РС Македонија.

Претставата за деца ќе биде исто така изведена од членовите на драмското студио,но за разлика од претставата за возрасни,во претставата за деца ќе бидат вклучени и талентирани ученици од основните училишта од градот.

Виница како град има богата традиција во оваа дејност како преку работата на ,, Сцена 71" во седумдесетите години на дваесетиот век,така и преку активностите на домот на културата

## *ФЕСТИВАЛ НА ХУМОР И САТИРА „ IN VINICA VERITAS 2025"*

Фестивалот за хумор и сатира е единствен од ваков тип во Република Северна Македонија.

Традиционално се одржува во месец октомври и својата програма опфаќа:

-театарски претстави-комедии,

-стенд-ап комедии,

-изложба на карикатури

-работилница за карикатури

-промоција на книги афоризми

-традиционално претставување со некоја активност која потекнува од сродни фестивали од регионот

***Во фазата на подготовки се превземаат следниве активности;***

-Распишување на конкурс за карикатура (месец август)

-Селекција на театарски претстави (преку цела година)

-Подготовка на пропаганден материјал

-Контакти со уметници и институции (театри)

-Разгледување на пристигнатите карикатури и одредување на победниците.

***Фаза на реализација на фестивалот;***

Фестивалот трае 5 дена.На самиот ден на отворањето се случуваат следните активности:

-отворање на изложба од пристигнатите карикатури

-прогласуваат победниците во категоријата на карикатура,

-театарска претстава

-Во останатите денови се прикажува по една или две театарски претстави-комедии,

-стенд-ап комедија,

-во училиштата во градот еминентен карикатурист на часови по ликовна уметност одржува работилница за карикатура.

-отворање на две изложби на карикатури

Една од изложбите е изложбата од конкуррост за карикатура 2025

Другата е на светски познат карикатурист

-промоција на книги афоризми

**Целта** на фестивалот е да се промовира хуморот и сатирата преку различни форми на уметничко изразување.Потребата од ваков тип на фестивал е исто така значајна бидејќи е единствен од ваков тип во државата и има долга традиција на одржување и мал град како Виница станува значаен центар на хуморот по урнек на Габрово Р.Бугарија,а со тоа и центар на културниот туризам во регионот.

Што се однесува до **целната група**,радува фактот што покрај повозрасната публика,се поголем дел од посетителите на фестивалот се младите кои за ова времена егзистирање на фестивалот ја запазија неговата вредност и професионален пристап на нашата институција.Тоа се должи на квалитетниот избор на претстави,целодневни активности,одржувањето на работилница за карикатури,ниската цена на влезниците како и други фактори кои прават овој фестивал да биде бренд во културното живеење на градот.

Фестивалот исто така одржува врски и соработува со сродни фестивали од странство,посебно:

-Р.Хрватска-Хрватското друштво на карикатуристи кое учествува со најголем број од пристигнатите карикатури.

-Р.Србија-Соработка со еминентни автори на карикатурата кои медиумски помагаат нашиот фестивал да се промовира.

-Р.Бугарија-Соработка со музејот на хуморот и сатирата од Габрово и размена на изложби на карикатури и театарски претстави комедии.

-Соработка со сите асоцијации на карикатуристи во светот,посебно Иран,Кина,Русија и др.

**Очекувани ефекти:**

-Учество на над 300 карикатуристи,

-Промоција на Виница на културната мапа во регионот

-Над 2000 посетители на настаните

## *ЛИКОВНА И ГАЛЕРИСКА ДЕЈНОСТ*

### -Формирање на ликовно студио

Целта е отворање на ликовно студио кое ќе овозможи вклучување на талентирани ученици кои што преку работа во групи и по возрасти можат да ги совладаат и научат техниките на цртање и сликање. Ликовното студио за цртање и сликање ќе работи константно во нашата институција во сите месеци од годината.

Со едукацијата во нашето ликовно студио ќе се развијат креативните и творечките особини кај учениците,со цел слободното време да се поминува квалитетно со практична и творечка активност.Часовите ќе ги води дипломиран професор по ликовна уметност што е и уште една придобивка за квалитетот во наставниот процес.

Нашето ликовно студио ќе овозможи работа со талентирани ученици и ученици кои сакаат да цртаат и сликаат,на кои ќе им се овозможи пристап до основните и поразлични техники што им се нудат во училиште.Учениците ќе имаат можност да ги пробаат или усовршат сите материјали и техники за цртање и сликање. Развивање на креативноста и инвентивноста на учениците, развивање на чувство за хармонија, убавото и естетското.

Креативните курсеви во нашето ликовно студио ке овозможат реализација на комплексен развоен процес.Учеството во ликовните активности ја гради самодовербата во децата и им дава можност не само да презентираат на цртежот или на сликата што претставиле,туку тоа и да им го објаснат и на другите.Преку цртежот детето или ученикот ќе го развие својот когнитивен,моторички и емоционален развој.Нашето студио има цел учениците да го поминат своето слободно време на еден поквалитетен начин,и со правилни методи, и адаптирана наставна содржина за секоја возраст и група

очекуваме задоволни ученици и успешни цртежи и творби.

Формирање на ликовно студио ,беше и еден од проектите со кој конкуриравме преку Министерството за култура,за што најискрено се надеваме за негово одобрување .

Во рамките на ликовното студио ,повеќепати од годината ќе организираме ликовни изложби кои ќе произлезат од членовите на студиото.

## *ЛИКОВНИ ИЗЛОЖБИ 2025*

Дом на култура „Тошо Арсов " Виница во претстојната 2025 година планира околу 13 ликовни изложби. Дел од изложбите се од проектот„Превземање на ликовни изложби" а дел се со договор со самостојни уметници. Проектот „Превземање на ликовни изложби" е во рамките на годишната програма за работа на нашата установа,и е аплициран како проект од национален интерес во областа на визуелните уметности преку Министерството за култура на Р.С Македонија. Вклучени се повеќето Меѓународни колонии кои што континуирано опстојуваат во нашата држава и секоја година нудат нова поставка на дела. Планирано по месеци,би било вака:

**месец јануари**- Изложба на дела од ликовна колонија „Ѓуриште" (нова поставка)

**месец февруари**- Изложба на дела од Меѓународна Лесновска ликовна колонија (нова поставка)

**месец март**- Изложба на детски цртежи "Подари цртеж на мама, баба и учителката 2025"

**месец април**- Самостојна ликовна изложба (скулптури) на Синиша Новески

**месец мај**- Изложба на ликовна колонија „Св.Јоаким Осоговски" (нова поставка)

**месец јуни**- Изложба на дела од Младинска ликовна колонија „Св.Пантелејмон"

**месец јули**- Самостојна ликовна изложба на Миливој Симеонов

**месец август**- Самостојна ликовна изложба на Катица Алексова

**месец септември**- Групна изложба на младинска ликовна колонија при НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“ Делчево

**месец октомври** -Изложба на Карикатури во рамките на ,,IN VINICA VERITAS 2025 “

**месец ноември**- Самостојна ликовна изложба на Нада Ѕмбова Донева

**месец декември**-Изложба на ракотворби по повод 3 Декември-Меѓународниот ден на лицата со попреченост (изработки од кративните работилнци во соработка со Дневен центар-Виница)

**месец декември** – Самостојна ликовна изложба на Александра Димитрова

Забележка:

Дом на култура „Тошо Арсов“ Виница им стои на располагање за соработка на локалните уметници доклку имаат желба за нивно претставување во рамките на Годишната програма, и терминте доплнително ќе бидат вметнати во истата.

## *ЛИКОВНИ РАБОТИЛНИЦИ ЗА РАЧНИ РАКОТВОРБИ 2025*

Проектот„ Креативни работилници за рачни традиционални изработки “вклучува работилници со лица со телесна и/или ментална попреченост,со цел на истите да им се доближат традиционалните изработки преку игра и дружење. Тука се вклучени и лица -жени од Виница кои се занимаваат со таквиот тип на изработки , и со нивна помош , презентација и изработка ке се организираат работилници по повод празниците, а изработките на крајот од

проектот ќе се изложуваат а може и да се направи хуманитарен базар на кој ќе бидат продавани по симболични цени.

Овој проект за нас е значаен бидејки во културните активности во Домот на културата „Тошо Арсов"-Виница, освен вклучувањето на учениците од редовните паралеки од нашите основни училишта,ќе ги вклучиме и оние со попреченост со што ќе овозможиме за момент да се почувствуваат по корисно а и ќе ја поттикнеме нивната креативност преку игра и дружење.

Идејата ни е да организираме повеќе ликовни работилници во текот на претстојната година. Може да се обележи секој позначаен празник.Овде би изработувале предмети од минатото кои ќе ги поврземе со нашата традиција. Со глина ке правиме премети од домаќинството, садови за јадење, грне,бардиња. Друга активност ќе ни биде ткаењето на мали разбои. Со помош на волница во различни бои ќе правиме традиционални мали килимчиња. Со жените креативци ќе организираме работилници со плетење на чорапи , шалчиња...

Со добивањето на овој проект ќе ја збогатиме програмата за работа на нашата институција, вклучувајки една ранлива категорија на граѓани кои не треба да бидат заборавени. Во комуникација со Дневниот центар разбравме дека неколку од членовите веќе се вешти во плетењето со игла.Имаат работено на мал разбој и можат слободно да се вклучат како учесници во овој проект.

Со овој проект очекуваме реализација на неколку работилници, а со тоа ќе организираме и изложби на кои ќе го претставиме сработеното. зголемување на број на посетителите.

Целта ни е да се претстават што повеќе традиционални садови, везови..килими. Да се доближи традицијата до лицата со посебни потреби. Преку игра и дружење да се направат изработки кои ќе бидат изложувани по повод верските празници. На крајот истите ќе бидат и продавани по симболична цена.

Проектот вклучува и едукативни прошетки во околината на Виница. Посета на Фолклорниот ансамбал „Китка "-Истибања, посета на семејстава кои поседуваат разбој и ткаени работи.

Целта на проектот е да се збогати културното претставување пред публиката, во смисла да се добие на квалитет и разнообразие на уметнички дела кои ќе ги задоволат сите вкусови.

Со овој проект очекуваме задоволни лица на учесниците, доближување на традицијата, осознавање на корените, и креативни изработки ( од глина, волна, волница) кои ќе бидат повод за организирање на повеќе изложби преку кои ќе се презентира трудот на лицата со посебни потреби.

## *ЛИКОВНИ РАБОТИЛНИЦИ ЗА РАЗЛИЧНИ ЛИКОВНИ ТЕХНИКИ*

### *(во сорааботка со ликовните педагози и наставници од училишна настава)*

Идејата за ваквите ликовни работилници е активно да се вклучат талентирани учениците од нашата општина во ликовни работилници со кој ќе раководат наставници ментори. Преку ваквите работилници ќе можат да се презентираат сите техники за цртање , сликање и вајање. Секој од учениците кои ќе се пријави на овие ликовни работилници ќе има можност да се пронајде во определено подрачје а наставникот ментор ќе му ги доближи сите "тајни" на истото. Преку презентација на ликовните техники, би се збогатила креативната визија на нашите најмали посетители. Сите овие техники ќе придонесат за полесно проучување на практичниот дел од ликовната уметност се со цел да се проучат ,запознаат и пробаат и други ликовни техники што не се дел од оние што се користат во редовната настава. Резултатот би бил креативни работилници со многу изработки кои ќе бидат изложувани пред публика

## *ЛИТЕРАТУРНА ДЕЈНОСТ*

Во рамките на оваа дејност се планираат четири промоции на книги на автори од Македонија и оформување на библиотека на хумор и сатира.

**Месец октомври** ( по повод месецот на книгата )- Промоција на дело на роднокраен автор со присуство на промотор и рецензент

**Месец април**- По повод Меѓународниот ден на литературата за деца-2 април,е предвидено литературно читање во соработка со ЈОУ Библиотека "Искра"- Кочани

Исто така во рамки на оваа дејност ќе се организираат литературни активности на ученици на зададени теми.

## ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во рамки на оваа дејност планирани се издавање на две книги доколку на апликантите кои конкурираа преку Проектите на Министерството за култура им бидат одобрени проектите.

Забелешка:

ОУ Дом на култура,,Тошо Арсов"-Виница и во 2025 година, како и во претходните години активно ќе се вклучи како ко-организатор заедно со општина Виница во организирање на неколку културни манифестации кои стануваат препознатлив белег на град Виница како: Павловден, Слободна Виница итн.

Во оваа програма по повод празниците за нашиот град се предвидени 2 ликовни изложби на наши сограѓанки и двете академски сликарки.

Планираната програма се однесува на веќе договорените настани и оние настани за кои се очекува да ги подржи Министерството за култура. Голем дел од планираната програма а која не е спомната во оваа програма ќе се реализира во текот на 2025 година во соработка со други културни институции и прилагодување со нивните програми за работа.

Програмски раководител
Тони Велков

ОУ Дом на култура
„Тошо Арсов"-Виница
Директор
Благица Стојановска

Општинска установа
Дом на културата
Тошо Арсов
Бр. 02-216
13.12. 2024 год.
ВИНИЦА

Врз основа на член 24 од Статутот на ОУ Дом на култура „Тошо Арсов"-Виница ,Управниот одбор при Домот на седницата одржана на 13.12.2024 год. Ја донесе следната :

**ОДЛУКА**

**Член 1**

Управниот одбор ја разгледа и ја усвои предлог програмата за работа на ОУ Дом на култура „Тошо Арсов"-Виница за 2025 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето

Виница, 13.12.2024 год

УО на Дом на култура

„Тошо Арсов"-Виница

Претседател